Предлагач : Влада на
Република Македонија
Претставници : Михајло Маневски,
министер за правда
Ибрахим Ибрахими,
заменик министер за правда
Повереници : Билјана Бришкоска Бошковски
државен секретар
Маја Малјановска,
раководител на сектор

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Скопје, февруари 2010 година

# ВОВЕД :

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Република Македонија е членка на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа од 2000 година. Во Извештајот од вториот круг за оценка на Република Македонија усвоен на 25-от пленарен состанок на ГРЕКО (Стразбур, 10-12 Октомври 2005 година) беа утврдени 14 препораки за реализација. Препораката VIII се однесува на воспоставувањето на регулативна рамка на модерни административни принципи за голем број на јавни службеници, која ќе соодветствува, до степен кој е возможен, на прописите кои се применуваат во однос на државните службеници.

Во таа насока е формирана Работна група за подготовка на Закон за јавни службеници која се состои од претставници на следните институции: Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, Агенција за државни службеници, Секретаријат за законодавство и Секретаријат за европски прашања.

На подготвувањето на Законот за јавните службеници му претходеше усвојување на Анализа за состојбата на вработените во јавната администрација, која ги покажа состојбите во јавната администрација во поширока смисла, државната служба, како дел од јавната служба, нивниот сооднос, правната регулатива која ги уредува правата од работен однос на вработените во јавната администрација. Исто така, во Анализата се предложени и мерки за надминување на слабостите кои се утврдени, односно, донесување на рамковен закон кој ќе ги уреди основите за уредување на постапката за вработување, распоредување, дисциплинските постапки, постапките за престанок на вработување и др.

Усвојувањето на Законот за јавните служебеници е предвиден и во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

Еден од условите кои имаат особена важност за пристапувањето кон Европската Унија како стратешка цел на Република Македонија е исполнувањето на критериумите за модерен, професионален и ефикасен систем на јавна администрација.

Реформите во јавната администрација во поширока смисла, каде се опфатени вработените и институциите во дејностите образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална и детска заштита, установите, фондовите, јавните претпријатија основани од Република Македонија, општините, односно Градот Скопје се значајни и крупни реформи кои имаат влијание како врз начинот на давање на услугите, така и врз вработените и институциите во соодветните области.

Иако е остварен значителен напредок во спроведувањето на реформите во секоја од областите, досега не е дефиниран опфатот на јавната служба, заедничките начела и прашањата кои се однесуваат на статусот, условите при вработувањето и правата, обврските и одговорностите на вработените во јавната администрација во поширока смисла.

При извршувањето на задачите во соодветните дејности, овие вработени имаат непосреден контакт со граѓаните, како корисници на услугите, па оттука нивната стручност, ефикасност, неутралност и професионалност влијае на квалитетот на услугите и на натамошниот напредок на самите дејности и услугите во тие рамки.

Во 2009 година од вкупниот број на вработени во јавната администрација 75500 (48000 на централно ниво и 27500 на локално ниво), кои се буџетски корисници, со статус на државни службеници се вкупно 9700 вработени, (7200 на централно ниво и 2500 на локално ниво).

Од вкупниот број на вработени - буџетски корисници, на дејностите (образование, култура, социјална заштита) отпаѓаат приближно 48000 вработени.

Во вкупниот број вработени во јавната администрација, околу 75500 не влегуваат околу 30 000 вработени во дејноста здравство.

Реформата на јавната администрација е континуиран процес кој се одвива и во земјите со развиена демократија и пазарно стопанство. Континуитетот на процесот на реформата се огледа во постојаното приспособување и развој на административниот систем заради брзите промени во современото општество и процесот на современото општество.

Регулирањето на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавната администрација со посебни закони и примена на работното законодавство остава простор за уредување на правата од работен однос во зависност од специфичностите на работење во одредени област, но истовремено доведува до невоедначени стандарди во регулирањето на правата и обврските на вработените.

Од овие причини, уредувањето на статусните прашања и за јавната администрација, низ единствена и компатибилна легислативна рамка со веќе воспоставената за државната служба е од суштинско значење.

Ова уште повеќе доаѓа до израз ако се има предвид дека во недостаток на специфична регулатива за јавната администрација, се користат општите прописи од работното законодавство, кои не се соодветни за примена во јавниот сектор.

Правилата кои би се утврдиле во единствената законска рамка треба да се однесуваат на повеќе различни групи, вклучувајќи ги вработените во институциите кои вршат дејности, а кои се буџетски корисници (вклучувајќи ги културата, образованите, и социјални установи), фондовите и институциите кои се финансираат од нив (здравствен сектор).

Правната рамка, ќе ги дефинира основните принципи и стандарди кои го уредуваат опфатот на јавната служба, заедничките начела и основите на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и Регистарот на јавните службеници.

- се воспоставува единствена основна законска рамка за уредување на основите на правата, оврските и одговорностите на јавните службеници.
- се дефинира опфатот на јавна служба, (што има пошироко значење од опфатот на државната служба),
- се уредуваат заедничките начела и основите на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и регистарот на јавните службеници, дефиницијата на поимот државен службеник
- се утврдуваат заедничките начела на системот на јавни службеници, како што се начелото на законитост, еднаков пристап, професионалност, одговорност и етичност, двостепеност.

- се разработуваат начините за пополнување на слободно работно место во јавната служба
- правата и должностите на јавните службеници се утврдени во посебен дел од предложениот закон
- се утврдуваат основите на оценувањето на јавните службеници
- се утврдуваат начините на престанувањето на вработувањето на јавниот службеник
- се гарантира заштита на правото на јавниот службеник како пред орган кој одлучува во втор степен по жалби и приговори, така и пред надлежен суд.

Предложените решенија се во функција на реализација на препораките на ГРЕКО и воспоставување на единствена основна законска рамка за уредување на правата, оврските и одговорностите на јавните службеници, што во исто време ќе придонесе за остварување на поголема професионалност, ефикасност и ефективност во работата на јавната служба во целост.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Цел на Законот е воспоставувањето на законска рамка на модерни административни принципи за голем број на јавни службеници, која ќе соодветствува, до степен кој е возможен, на прописите кои се применуваат во однос на државните службеници.

Законот се заснова на начелата на законитост, еднаков пристап, професионалност, одговорност и етичност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОПВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за опремување на центрите за обука на Агенцијата за државни службеници и софтверскиот систем на Регистерот за јавни службеници .

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Во Предлогот на Законот нема регулативи за имплементација. Предлогот на Законот е изготвен согласно Препораката VIII од Извештајот од вториот круг за оценка на Република Македонија усвоен во Стразбур, 10-12 Октомври 2005 година на 25-от пленарен состанок на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа од 2000 година.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува опфатот на јавната служба, заедничките начела и основите на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и регистарот на јавните службеници.

Член 2

Јавните службеници се лицата кои вршат работи и работни задачи од јавен интерес во согласност со Уставот, закон и ратификувани меѓународни договори, професионално, политички неутрално и непристрасно.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. *јавни службеници* се вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејностите образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална заштита и заштита на детето, установите, фондовите, агенциите, јавните претпријатија основани од Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје, а не се опфатени со Законот за државните службеници;

2. *јавна служба* се институциите на дејностите образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална и детска заштита, установите, фондовите, агенциите, јавните претпријатија основани од Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје, а не се опфатени со Законот за државните службеници;

*3. институции* во смисла на овој закон се сите државни органи и тела кои вршат работи од јавен интерес или доверени јавни овластувања, установи, фондови, агенции како и јавни претпријатија, основани од Република Македонија, општините, односно Градот Скопје, а не се опфатени со Законот за државните службеници;

4. *раководно лице на институцијата* е именувано или избрано лице што раководи со институцијата;

5. *работно искуство во струката*, е времетраењето на работниот стаж или искуството стекнато по завршување на соодветно образование на јавниот службеник.

Член 4

(1) За прашањата кои се однесуваат на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавниот службеник, за кои со закон е пропишана посебна постапка се постапува според одредбите на тој закон.

(2) Прашањата што не се уредени со овој закон ќе се уредат со посебен закон.

## II. ЗАЕДНИЧКИ НАЧЕЛА НА СИСТЕМОТ НА ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

### Начело на законитост

Член 5

Јавните службеници извршуваат работи и работни задачи од јавен интерес врз основа на Устав, закон и ратификувани меѓународни договори.

### Начело на еднаков пристап
### и соодветна и правична застапеност

Член 6

(1) При вработувањето на јавните службеници се почитува начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, со што се гарантира избор на стручни и компетентни кандидати за извршување на работите и работните задачи на соодветното работно место.

(2) При вработувањето на јавните службеници се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

### Начело на двостепеност

Член 7

Јавните службеници имаат право на жалба против поединечни акти, со кои се одлучува за вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето и престанокот на вработувањето.

### Начело на професионално однесување

Член 8

Јавните службеници ги извршуваат работите и работните задачи од јавен интерес, професионално, ефикасно и ефективно, навремено и на совесен начин.

### Начело на одговорност

Член 9

Јавните службеници се одговорни за квалитетно, брзо и ефикасно извршување на задачите од јавен интерес кои им се доверени.

### Начело на етично однесување

Член 10

Јавните службеници ги извршуваат работите и работните задачи од јавен интерес, согласно со правилата на професионалната етика.

### Начело на доверливост

Член 11

Јавните службеници ги чуваат класифицираните информации, независно од тоа како дознале за нив. Должноста за чување на класифицираните информации продолжува да важи и по завршувањето на вработувањето, сè додека јавните службеници не се ослободени од должноста согласно закон.

Заштита и економично користење на средствата за работа

Член 12

Јавните службеници ги користат средствата за работа на економичен и ефикасен начин, со цел постигнување најдобри резултати со минимален можен трошок.

## III. ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 13

Вработувањето на јавните службеници се спроведува низ транспарентна постапка, врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Член 14

(1) Слободно работно место во јавната служба се пополнува преку :

- објавување на јавен оглас за вработување и ,
- објавување на интерен оглас за вработување,
- распоредување на јавен службеник во истата институција на друго работно место
- преземање на јавен службеник од една во друга институција.

(2) Постапката за пополнување на слободно работно место од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член поблиску се уредуваат во посебен закон.

Член 15

(1) Во јавната служба може да се вработи лице кое ги исполнува општите и посебните услови.

(2) Општи услови се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

(3) Посебни услови се:

- да има соодветно образование,
- да има потребно работно искуство во струката и
- други услови утврдени во актот за систематизација на работните места.

Член 16

(1) Јавниот оглас за вработување од член 14 став (1) алинеја 1 од овој закон се објавува во најмалку два дневни весника од кои еден од весниците што се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците кои се издаваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од пет дена од денот на неговото објавување.

Член 17

(1) Раководното лице на институцијата формира Комисија за селекција на јавен службеник (во натамошниот текст: Комисијата за селекција) која ја спроведува постапката за селекција на кандидат.

Член 18

(1) Раководното лице на институцијата, врз основа на ранг-листа предложена од Комисијата за селекција донесува одлука за избор на кандидат.

(2) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, преку институцијата за чии потреби бил објавен јавен оглас до органот кој одлучува во втор степен.

(3) Органот од ставот (2) на овој член одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(4) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(5) Против одлуката донесена од второстепениот орган, незадоволниот кандидат има право на тужба пред надлежниот суд.

(6) По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата и избраниот кандидат склучуваат договор за вработување на јавен службеник.

Член 19

(1) Право да се пријави на интерен оглас има секој јавен службеник, кој ги исполнува општите и посебните услови од овој закон, како и:

- да бил оценет со оцена „се истакнува“ или „задоволува“ за работењето во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години во непосредно пониско работно место од работното место за кое е објавен интерниот оглас и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеца пред објавувањето на интерниот оглас.

(2) Интерниот оглас се објавува на веб локацијата на институцијата.

(3) Поблиските услови за пријавување на интерен оглас ќе се уредат во посебен закон.

Член 20

Јавниот службеник кој ги исполнува посебните услови од член 15 став (3) од овој закон, по потреба на институцијата или по негово барање, може да се распореди во истата институција на друго работно место, согласно со актот за систематизација за работни места.

Член 21

Јавниот службеник кој ги исполнува посебните услови од член 15 став (3) од овој закон, со негова согласност може да се преземе од една во друга институција ако за тоа се согласат јавниот службеник и раководните лица на институциите.

Член 22

(1) Раководното лице на институциите од член 3 точка 2 од овој закон, донесува годишен план за соодветна и правична застапеност на заедниците, што го доставува до Агенцијата за државни службеници.

(2) Годишниот план од став (1) на овој член, за секоја наредна година се донесува најдоцна до 1 септември во тековната година.

(3) Агенцијата за државни службеници донесува упатство за содржината на планот од став (1) на овој член.

## IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### Член 23

(1) Јавниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со закон, колективен договор и општ акт на органот на управување.

### Член 24

(1) Јавниот службеник е должен работите и работните задачи да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот, закон и ратификувани меѓународни договори.

(2) Јавниот службеник е должен да ја врши својата работа непристрасно, да не се раководи од свои лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот што го има како јавен службеник и да го штити личниот углед и угледот на институцијата во која е вработен.

(3) Министерот за правда донесува Етички кодекс за јавните службеници.

### Член 25

(1) Јавниот службеник е должен да ја чува класифицираната информација на начин и под услови утврдени со закон и со друг пропис.

(2) Обврската и рокот за чување на класифицираната информација се утврдува согласно закон.

### Член 26

Јавниот службеник е должен, во согласност со закон, по барање на граѓаните да дава информации заради остварување на нивните права и интереси, освен информациите од член 25 од овој закон.

### Член 27

Јавниот службеник кој работи со странки е должен во текот на работното време на работното место да носи на видно место ознака за личното име, работното место и институцијата во која работи.

### Член 28

(1) Јавниот службеник има право и должност стручно да се оспособува и усовршува во согласност со потребите на институцијата во кој е вработен.

(2) Стручното оспособувања и усовршување од став (1) на овој член се обезбедува во центрите за обука на Агенцијата за државни службеници и други специјализирани институции за обука.

### Член 29

(1) Јавниот службеник има право на заштита ако кон него непосредно се упатени закани, напади и слични постапки во врска со вршењето на службените задачи.

(2) Институцијата во која работи јавниот службеник е должна да му обезбеди заштита на службеникот во случаите од став (1) на овој член.

Член 30

Јавните службеници заради остварување на своите економски и социјални права имаат право да основаат синдикати и да членуваат во нив под услови и на начин утврдени со закон.

Член 31

(1) Јавните службеници имаат право на штрајк, организиран во согласност со закон

(2) Јавните службеници се должни во остварувањето на правото на штрајк да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на институцијата и неопходното ниво во остварувањето на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.

Член 32

(1) Јавниот службеник е должен да учествува во изборниот процес како член на изборен орган доколку биде избран од надлежен изборен орган.

(2) Јавниот службеник кој е избран за член на изборен орган може да не прифати да ја извршува должноста само ако поради здравствени и семејни причини изборниот орган што го избрал го утврдил тоа врз основа на приложена соодветна документација.

Член 33

(1) Јавниот службеник со членување во политичка партија и со учество во нејзините активности не смее да го доведува во прашање вршењето на работите и работните задачи кои произлегуваат од статусот на јавен службеник.

(2) Јавниот службеник не смее да носи или да истакнува партиски симболи во работната просторија.

Член 34

Јавниот службеник има право на одмор и отсуства од работа согласно со прописите за работните односи.

Член 35

Во случај на спреченост за доаѓање на работа, јавниот службеник е должен да го извести непосредно претпоставениот јавен службеник, во рок од 24 часа од моментот на спреченоста. Ако тоа е неможно да се стори од објективни причини или виша сила, во тој случај јавниот службеник известувањето е должен да го стори веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

Член 36

На јавниот службеник кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да ги извршува работите и работните задачи на јавен службеник, му мирува вработувањето и има право во рок од 15 дена по престанувањето на вршењето на функцијата, да се врати во институцијата, од каде заминал на

вршење на функција, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Член 37

(1) На јавниот службеник кој е упатен на работа во странство во рамки на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, му мирува вработувањето и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство, да се врати на работа во институцијата, од каде заминал во странство, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

(2) На јавниот службеник чиј брачен другар е упатен на работа во странство во рамки на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на негово барање му мирува вработувањето и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство, да се врати во институцијата од каде заминал во странство, на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

## V. ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 38

Јавниот службеник лично е одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

### 1. Дисциплинска одговорност

Член 39

(1) За повреда на работната дисциплина, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работните задачи јавниот службеник одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на јавниот службеник.

Член 40

(1) Јавниот службеник одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

(2) Дисциплинска неуредност, во смисла на став (1) на овој член, е полесна повреда на работната дисциплина, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работните задачи.

(3) Дисциплинскиот престап во смисла на став (1) на овој член, е потешка повреда на работната дисциплина, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работните задачи.

Член 41

(1)За дисциплинска неуредност или дисциплински престап на јавниот службеник може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1) јавна опомена;

2)парична казна во висина од 10% до 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на повредата на службената должност и

3) престанок на вработувањето.

(2) При изрекување на дисциплинските мерки од став (1) на овој член се земаат предвид тежината на дисциплинската неуредноста или престапот, последиците од истите, степенот на одговорноста на јавниот службеник, околностите под кои се сторени дисциплинската неуредност или престапот, поранешното негово однесување и вршењето на работите и работните задачи, како и други олеснителни и отежнителни околности.

Член 42

(1) Дисциплинска неуредност е:

1) непридржување на работното време, распоредот и користењето на работното време и покрај опомената од непосредно претпоставениот јавен службеник;

2) неоправдано недоаѓање на работа до два работни дена во текот на една календарска година;

3) неносење на ознаките од член 27 од овој закон;

4) неизвестување на непосредно претпоставениот јавен службеник односно раководното лице на институцијата на институцијата, за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од 24 часа од неоправдани причини и

5) одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое државниот службеник се упатува.

(2) За дисциплинска неуредност може да се изрече јавна опомена или парична казна во висина од 10% од едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на дисцилинската неуредност во траење од еден до три месеци.

Член 43

(1) Дисциплинските мерки против јавниот службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува лицето кое раководи со институцијата, а по предходен писмен извештај од непосредно препоставениот јавен службеник.

(2) Пред изрекување на дисциплинската мерка јавниот службеник се известува писмено за наводите на извештајот од став (1) на овој член што постојат против него и истиот има право да даде одговор.

(3) Раководното лице на институцијата во рок од 30 дена од денот на започнувањето на постапката донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност.

Член 44

(1) Дисциплински престап е:

1) неизвршување или несовесно, ненавремено, непристојно или небрежно вршење на работите и работните задачи;

2) носење или да истакнува партиски симболи во работната просторија

3) одбивање да се даде или давање на неточни податоци на државните органи, правните лица и на граѓаните, доколку давањето на податоци е пропишано со закон;

4) незаконито располагање со материјалните средства;

5) одбивање на вршење на работите и работните задачи од работното место на кои е распореден или одбивање на наредби од раководното лице на институцијат;

6) непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети;

7) предизвикување на поголема материјална штета;

8) повторување на дисциплинска неуредност;

9) примање на подароци или друг вид корист спротивно на закон;

10)злоупотреба на статусот или пречекорување на овластувањата во вршењето на работите;

11)злоупотреба на боледување;

12)оддавање класифицирана информација со степен на тајност определен согласно закон;

13) внесување, употреба и работење под дејство на алкохол или наркотични средства;

14) непридржување кон прописите за заштита од болест, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина;

15) поставување на личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на јавен службеник;

16) навредливо или насилничко однесување;

17) неоправдано одбивање учество во изборни органи;

18) спречувањето на изборите и гласањето, повреда на избирачкото право, повреда на слободата на определување на избирачите, поткуп при изборите, повреда на тајноста на гласањето, уништување на изборни исправи, изборна измама што како член на изборен орган го извршил јавниот службеник.

(2) За дисциплинските престапи од став (1) на овој член се изрекува дисциплинска мерка:

- парична казна од 10% до 30% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на јавниот службеник во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот престап, во траење од еден до шест месеци;

- престанок на вработувањето во случаи кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа во дисциплинската постапка да не се утврдени олеснителни околности за јавниот службеник кој го сторил престапот.

Член 45

(1) Раководното лице на институцијата формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап.

(2) Комисијата од став (1) на овој член е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

Член 46

Раководното лице на институцијата во рок од 60 дена од денот на започнувањето на постапката, врз основа на предлог на Комисијата од член 45 став (1) на овој закон донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап.

.

Член 47

Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале 12 месеци од денот кога непосредно претпоставениот јавен службеник односно раководното лице на институцијата дознало за повредата на работната дисциплина, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работните задачи

Член 48

Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале 18 месеци од денот кога е сторена повредата на работната дисциплина, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работните задачи.

Член 49

Ако повредата на работната дисциплина, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работните задачи повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на јавниот службеник не може да се поведе по изминувањето на две години од денот на дознавањето за повредата.

Член 50

(1) Јавниот службеник може да биде времено отстранет од институцијата, врз основа на решение на раководното лице на институцијата.

(2) Јавниот службеник може да биде времено отстранет од институцијата во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап, а повредата или неизвршувањето се од таква природа што неговото натамошно присуство во институцијата додека трае постапката штетно ќе се одрази врз јавната служба, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплински престап.

(3) Отстранувањето од став (2) на овој член трае до донесувањето на конечно решение во дисциплинската постапка.

(4) Додека трае временото отстранување, јавниот службеник има право на плата во висина од 30% од платата што ја примил претходниот месец.

Член 51

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка и времено отстранување јавниот службеник има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку институцијата до органот кој одлучува во втор степен.

(2) Органот од став (1) на овој член одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

2. Материјална одговорност

Член 52

(1) Јавниот службеник е одговорен за штетата која на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на институцијата

(2) Раководното лице на институцијата формира Комисија за утврдување на материјална одговорност на јавниот службеник.

(3) Комисијата од став (2) на овој член е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

Член 53

(1) Раководното лице на институцијата во рок од 60 дена од денот на започнувањето на постапката донесува решение за надомест на штета.

(2) Против решението од став (1) на овој член јавниот службеник има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку институцијата до органот кој одлучува во втор степен.

Член 54

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако поминале 60 дена од денот кога непосредно претпоставениот јавен службеник или раководното лице на институцијата дознале за тоа.

Член 55

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се покрене, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.

Член 56

Ако јавниот службеник, во рок од три месеци од конечноста на решението за надомест на штета, не ја надомести штетата, институцијата поведува постапка пред надлежниот суд.

Член 57

Ако јавниот службеник претрпи штета на работа или во врска со работата, институцијата е должна да му ја надомести штетата согласно закон.

Член 58

Начинот и постапката за утврдување на дисциплинската и материјалната одговорност се уредува со посебен закон.

Член 59

(1) Институцијата е должна да достави годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на јавните службеници до Агенцијата за државни службеници, најдоцна до 31 јануари во тековната година, за претходната.

(2) Содржината и формата на извештајот од став (1) на овој член се пропишува со акт на Агенцијата за државни службеници.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 60

(1) Јавните службеници, врз основа на континуирано следење на работењето, се оценуваат секои четири месеци.

(2) Оценувањето на јавниот службеник завршува најдоцна еден месец по истекот на четирите месеци за кои се врши оценувањето.

(3) Јавните службеници кои во текот на четирите месеци за кои се врши оценувањето, биле отсутни од работа подолго од два месеци (боледување, неплатено отсуство и слично), како и јавните службеници кои за прв пат се вработиле, во периодот во кој се врши оценувањето и работеле пократко од два месеци нема да бидат оценувани.

Член 61

(1) Оценувањето на јавните службеници го врши непосредно претпоставениот јавен службеник, односно раководното лице на институцијата.

(2) Оценувањето на јавните службеници се врши врз основа на податоци што се однесуваат на резултатите од нивната работа и личните квалитети што ги покажале во текот на работењето.

(3) Начинот на оценување на јавните службеници во институциите се уредува со посебен закон.

(4) Формата и содржината на образецот за оценување на јавните службеници се пропишува со акт на Агенцијата за државни службеници.

Член 62

(1) Непосредно претпоставениот јавен службеник кој го врши оценувањето е должен да го запознае раководното лице на институцијата за извршеното оценување.

(2) Институцијата е должна да достави извештај за извршените оценувања до Агенцијата за државни службеници најдоцна еден месец по истекот на рокот од член 60 став (2) од овој закон.

(3) Формата и содржината на извештајот од став (2) на овој член се пропишува со акт на Агенцијата за државни службеници.

Член 63

(1) Оценката за јавниот службеник се врши со оценка: „се истакнува", „задоволува", „делумно задоволува" и „не задоволува".

(2) Јавниот службеник кој не е задоволен со оценката од став (1) на овој член, може во рок од осум дена од денот на оценувањето да поднесе жалба преку институцијата до органот кој одлучува во втор степен.

(3) Органот од став (2) на овој член одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 64

На јавниот службеник му престанува вработувањето:

- по спогодба;
- по негово барање;
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој закон.

Член 65

На јавниот службеник му престанува вработувањето спогодбено, кога ќе склучи писмена спогодба за престанок на вработувањето со раководното лице на институцијата.

Член 66

(1) На јавниот службеник му престанува вработувањето ако поднесе писмено барање за престанок на вработувањето.

(2) Во случај на престанок на вработувањето по барање на јавниот службеник, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесување на барањето

за престанок на вработувањето, освен ако јавниот службеник и раководното лице на институцијата не се спогодат поинаку.

Член 67

На јавниот службеник му престанува вработувањето по сила на закон ако:

- ја загуби работната способност - со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на изгубената работна способност;
- му престане државјанството на Република Македонија - со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Македонија;
- му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност - со денот на правосилноста на одлуката;
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за јавен службеник и за вршење на службата во институцијата - со денот на врачувањето на правосилната пресуда;
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци - со денот на стапувањето на издржување на казната; и
- наврши 64 години старост.

Член 68

На јавниот службеник му престанува вработувањето и во случаите ако:

- неоправдано отсуствува од работа најмалку три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
- биде оценет со оценка „не задоволува" два пати последователно или најмалку два пати во последните три оценувања;
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување;
- во рок од пет дена не се врати на работа по завршувањето на стручното оспособување или усовршување; и
- органот на државната управа, надлежен за инспекцијата на трудот утврди дека јавниот службеник е вработен спротивно на одредбите на овој и друг закон.

Член 69

(1) Решението за престанок на вработувањето на јавниот службеник го донесува раководното лице на институцијата.

(2) Решението за престанок на вработувањето се врачува лично на јавниот службеник, по правило во работните простории на институцијата во кој јавниот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето односно престојувалиштето од кое јавниот службеник секојдневно доаѓа на работа.

(3) Ако јавниот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во институцијата. По изминувањето на три работни дена се смета дека врачувањето на решението е извршено.

Член 70

(1) Против решението за престанок на вработувањето јавниот службеник има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку институцијата до органот кој одлучува во втор степен.

(2) Одлуката по жалбата, органот кој одлучува во втор степен ја носи во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на решението за престанок на вработувањето до донесувањето на конечното решение по жалбата.

## VIII.ЗАШТИТА И ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### Член 71

(1) Јавниот службеник на кој со решение на институцијата му е повредено право од работен однос, има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до органот кој одлучува во втор степен, преку институцијата која го донела првостепеното решение.

(2) Институцијата од ставот (1) на овој член е должна жалбата, со пропратните списи, да ја достави до органот кој одлучува во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

(3) По поднесената жалба од став (1) на овој член, органот кој одлучува во втор степен донесува одлука во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

### Член 72

(1) Јавниот службеник кој не е задоволен од конечната одлука донесена од органот кој одлучува во втор степен, има право во нареден рок од 15 дена да бара заштита на своите права пред надлежниот суд.

(2) Јавниот службеник не може да бара заштита на правото пред надлежен суд, ако претходно не барал заштита на правото пред органот кој одлучува во втор степен, освен за правото на парично побарување.

### Член 73

Органот кој одлучува во втор степен по жалба на јавните службеници за вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето и престанокот на вработувањето се утврдува со посебен закон.

## IX. РЕГИСТАР НА ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

### Член 74

(1) Агенцијата за државни службеници води Регистар на јавни службеници, кој претставува база на податоци за јавните службеници.

(2) Регистарот од став (1) на овој член е поврзан со базите на податоци за плати кои се водат во институциите опфатени со овој закон.

(3) Составен дел на Регистарот за јавни службеници е Регистарот за државни службеници.

### Член 75

(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот на јавни службеници претставуваат класифицирани информации со степен на тајност определен согласно закон.

(2) Како класифицирани информации со степен на тајност определен согласно закон, во смисла на овој закон, се сметаат поединечните податоци за јавните службеници, што се внесуваат во Регистарот за јавни службеници.

Член 76

(1) Институцијата е должна секој податок за настаната промена во врска со јавниот службеник да ја достави до Агенцијата за државни службеници во рок од 15 дена од денот на настанатата промена.

(2) Агенцијата за државни службеници е должна податоците за јавните службеници да ги внесе во Регистарот за јавни службеници во рок од 15 дена од денот на нивното доставување.

(3) Формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците се пропишува со акт на Агенцијата за државни службеници.

Член 77

(1) Податоците од Регистарот за јавни службеници може да ги користат само јавните службеници и институциите опфатени со овој закон.

(2) Јавниот службеник и институциите на овој закон, може писмено да побараат извод од податоците кои се водат за нив во Регистарот за јавни службеници, како и збирни податоци и анализи од значење за институцијата.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, збирни податоци и анализи може писмено да побараат и да користат научни и други институции за научни и истражувачки цели.

(4) Врз основа на писменото барање од став (1) и (2) на овој член, Агенцијата за државни службеници доставува одговор, во рок од еден месец, освен доколку обемот и комплексноста на барањето не го оправдува продолжувањето на рокот за одговор, но не подолго од уште еден месец.

Член 78

(1) Агенцијата за државни службеници подготвува годишен извештај за податоците од Регистарот на јавни службеници.

(2) Годишниот извештај е јавен и се објавува најдоцна до крајот на првото тромесечие на наредната година за изминатата година.

(3) Формата и содржината на извештајот од став (1) на овој член се пропишува со акт на Агенцијата за државни службеници.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 79

Посебните закони кои се однесуваат на институциите опфатени со член 3 точка 2 на овој закон ќе се усогласат со овој закон најдоцна до 31 декември 2010 година.

Член 80

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 81

Институциите од член 3 точка 2 од овој закон, актите за систематизација на работните места да ги усогласат со закон и подзаконските акти најдоцна до 31 декември 2010 година.

Член 82

Обрасците за евидентирање на податоците на јавните службеници, институциите од член 3 точка 2 од овој закон, должни се да ги достават до

Агенцијата за државни службеници во рок од три месеци од денот на отпочнувањето на примената од овој закон

Член 83

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2011 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените решенија во Законот се во функција на реализација на препораките на ГРЕКО, пристапувањето кон Европската Унија како стратешка цел на Република Македонија и воспоставување на единствена основна законска рамка за уредување на правата, оврските и одговорностите на јавните службеници, што во исто време ќе придонесе за остварување на поголема професионалност, ефикасност и ефективност во работата на јавната служба во целост.

Уредувањето на статусните прашања и за јавната администрација, низ единствена и компатибилна легислативна рамка со веќе воспоставената за државната служба е од суштинско значење, имајќи во предвид дека регулирањето на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавната администрација со посебни закони и примена на работното законодавство доведува до невоедначени стандарди во регулирањето на правата и обврските на вработените.

Правилата кои се утврдни во единствената законска рамка се однесуваат на повеќе различни групи, вклучувајќи ги вработените во институциите кои вршат дејности, а кои се буџетски корисници (вклучувајќи ги образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална и детска заштита, установите), фондовите и институциите кои се финансираат од нив (здравствен сектор), јавните претпријатија основани од Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје.

Во Законот кој се предлага, предложените решенија се во функција воспоставување на единствена основна законска рамка за уредување на основите на правата, оврските и одговорностите на јавните службеници.

Законот ги дефинира основните принципи и стандарди кои го уредуваат опфатот на јавната служба, заедничките начела и основите на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и Регистарот на јавните службеници.

Предлогот на Законот содржи 83 одредби, групирани во десет тематски целини (глави), и тоа општи одредби, заеднички начела на системот на јавни службеници, вработување на јавните службеници, права и должности на јавните службеници, одговорност на јавните службеници, оценување на јавните службеници, престанок на вработувањето, заштита и одлучување за правата и обврските на јавните службеници, регистар на јавните службеници и преодните и завршни одредби.

Во членовите од 1 до 4 е утврден предметот на уредување на овој закон, се дефинира опфатот на јавна служба, што во секој случај има пошироко значење од опфатот на државната служба, ги уредува заедничките начела и основите на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и регистарот на јавните службеници, дефиницијата на поимот државен службеник и е утврдено значењето на одредени изрази од Законот.

Во членовите од 5 до 12 се утврдени заедничките начела на системот на јавни службеници, како што се начелото на законитост, еднаков пристап, професионалност, одговорност и етичност, двостепеност.

Во Главата „III. ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ“ која ги опфаќа членовите од 13 до 22 се разработуваат начините за пополнување на слободно работно место во јавната служба и тоа, со објавување на јавен оглас за вработување, при што се почитуваат критериумите на стручност и компетентност и начелото на соодветна и правична застапеност, објавување на интерен оглас за вработување, распоредување на јавен службеник во истата институција на друго работно место и преземање на јавен службеник од една во друга институција.

Правата и должностите на јавните службеници се утврдени во посебен дел од предложениот закон, и тоа во членовите од член 23 до 37.

За повреда на работната дисциплина и неизвршување или несовесно извршување на работите и работите задачи, во предложениот закон се предвидува дисциплинска одговорност на јавниот службеник, при што јавниот службеник одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап, во зависност од тежината на повредата. Главата „V. ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ“ покрај дисциплинската предвидува и материјална одговорност на јавниот службеник и во членовите

од 38 до 59 уредени се основите на постапката за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на јавниот службеник.

Јавните службеници, врз основа на континуирано следење, врз основа на податоци што се однесуваат на резултатите од нивната работа и личните квалитети што ги покажале во текот на работењето се оценуваат секоја година. Основите на оценувањето на јавните службеници е уредено во членовите од 60 до 63 во Глава „VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ", а дадена е можност начинот и постапката за оценување, како и образецот за оценување на јавните службеници да се уредат со подзаконски акт.

Во Главата „VII. ПРЕСТАНОК НА ВРАБОТУВАЊЕТО"(член 64 до 70) се утврдени начините на престанувањето на вработувањето на јавниот службеник, при што е утврдено дека на јавниот службеник му престанува вработувањето: по спогодба, по негово барање, по сила на закон и во други случаи утврдени со овој закон.

Поаѓајќи од начелата на законитост и двостепеност во членовите од 71 до 73 се гарантира заштита на правото на јавниот службеник како пред орган кој одлучува во втор степен по жалби и приговори, така и пред надлежен суд. Утврден е рокот за изјавување на жалба до надлежниот орган за постапување по жалби, како и рокот за постапување од негова страна.

Во Предлогот-Законот се предвидува Агенцијата за државни службеници води Регистар на јавни службеници, кој претставува база на податоци за јавните службеници. Агенцијата за државни службеници подготвува годишен извештај за податоците од Регистарот на јавни службеници. Начинот на водење на Регистарот и доставувањето и постапувањето со податоците во истиот се уредени во членовите од 74 до 79, а формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците се пропишува со акт на Агенцијата за државни службеници

Членовите од 79 до 83 се преодните и завршни одредби во кои се содржани роковите за усогласување на посебните закони со предложениот закон, донесување на подзаконските акти, влегувањето во сила и отпочнувањето на примената на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА

## СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите од предложениот текст на Законот се меѓусебно поврзани со оглед дека сите се однесуваат на уредување на статусот, правата, должностите и одговорностите на јавните службеници

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Во предложените решенија се афирмираат принципите на професионална, деполитизирана, ефикасна и ефективна јавна служба.

Предложените решенија се во функција на реализација на препораките на ГРЕКО, пристапувањето кон Европската Унија како стратешка цел на Република Македонија и воспоставување на единствена основна законска рамка за уредување на правата, оврските и одговорностите на јавните службеници, што во исто време ќе придонесе за остварување на поголема професионалност, ефикасност и ефективност во работата на јавната служба во целост.

Уредувањето на статусните прашања и за јавната администрација, низ единствена и компатибилна легислативна рамка со веќе воспоставената за државната служба е од суштинско значење, имајќи во предвид дека регулирањето на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавната администрација со посебни закони и примена на работното законодавство доведува до невоедначени стандарди во регулирањето на правата и обврските на вработените.

Правилата кои се утврдни во единствената законска рамка се однесуваат на повеќе различни групи, вклучувајќи ги вработените во институциите кои вршат дејности, а кои се буџетски корисници (вклучувајќи ги образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална и детска заштита, установите), фондовите и институциите кои се финансираат од нив (здравствен сектор), јавните претпријатија основани од Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје.

Во Законот кој се предлага, предложените решенија се во функција воспоставување на единствена основна законска рамка за уредување на основите на правата, оврските и одговорностите на јавните службеници.

Законот ги дефинира основните принципи и стандарди кои го уредуваат опфатот на јавната служба, заедничките начела и основите на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и Регистарот на јавните службеници.